Република Македонија
Општина Новаци
бр. 14-890/10
29.10.2019 год
Новаци

Врз основа на член 22 став 1 точка 4,член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 21-а од Закон за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија"бр.62012, 144/2014, 33/2015, 104/2015, 215/2015) и член 40 од Закон за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија"6/2012, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 ) , во согласност со член 18 став 1 точка4, член 21 став 1 точка 49, и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019)),Советот на Општина Новаци на седница одржана на 29.10.2019 година , донесе:

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Извештајот на Комисијата за спроведување на постапката за јавно приватно партнерство и потврдување на сите преземени дејства во постапка број 1/2019 , за избор на најповолна понуда по спроведена постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и за давање согласност за склучување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци**

## Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа Извештајот на Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство бр 05-623/9 од 24.10.2019 година и се врши потрврдување на сите преземени дејства во постапка бр 1/2019 година , односно се прифаќа предлогот за изборот на најповолна понуда.

## Член 2

Со оваа одлука се врши избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци врз основа на Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект Модернизација на Улично осветлување на Општина Новаци, бр 14-547/5 од 21.06.2019 година донесена од Совет на општина Новаци и објавен оглас бр 1/2019.

## Член 3

За најповолен понудувач се избира групната понуда на конзорцимот : **Џемдаг Аџинлатма Санаи Ве Тиџарет Аноним Ширкети АД Измир , Турција , Џемдаг Инт ДООЕЛ-Ресен и Елмонд Електро ДОО експорт-импорт Скопје** како единствен понудвач во постпката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство бр 1/2019 , а по претходно поднесена понуда бр 05-623/4 од 04.09.2019 .

**Член 4**

Предмет на јавното приватно партнерство е модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци кое што ќе биде користено во рок од 15 години од денот на склучувањето на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 5**

Со оваа Одлука се дава согласност на градоначалникот на Општина Новаци за склучување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци со представникот на конзорциумот согласно меѓусебен договор за групна понуда меѓу понудувачите , по истекот на рокот за жалба. Договорот ќе биде склучен со економскиот оператор : **Џемдаг Ајдинлатма Санаи Ве Тиџарет Аноним Ширкети АД Измир , Турција ,**фактурите за месечниот надомест ќе ги издава е.о.: **Џемдаг Инт ДООЕЛ-Ресен ,** а монтажата и реализацијата на монтерските работи ќе ги изведе е.о : **Елмонд Електро ДОО експорт-импорт Скопје.**

**Член 6**

Се овластува градоначалникот на општина Новаци ,г-дин Љубе Кузманоски ,да го потпише Договорот.

**Член 7**

Жалба против оваа одлука можеда се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 10 дена од приемот на оваа одлука.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето, и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, .

**Претседател на Совет**

**на општина Новаци**

**Наумче Смилевски**

**с.р**